**ТАРИФНИК**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ФЕРШПЕД БРОКЕР АД СКОПЈЕ**

# 1. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 1.1 НАДОМЕСТ ЗА ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИ

-класично тргување и системски блок трансакции-

| | |
|---|---|
| Трансакции со вредност до 15.000 денари | 150 денари |
| Трансакции со вредност од 15.001 - 500.000 денари | 1% |
| Трансакции со вредност од 500.001 – 1.000.000 денари | 0,9% |
| Трансакции со вредност од 1.000.001 - 2.000.000 денари | 0,8% |
| Трансакции со вредност од 2.000.001 - 4.000.000 денари | 0,7% |
| Трансакции со вредност од 4.000.001 - 7.000.000 денари | 0,6% |
| Трансакции со вредност 7.000.001 денари | 0,5% |
| *Надоместокот за тргување се пресметува по трансакција и не се пресметува кумулативно | |

## 1.2 НАДОМЕСТ ЗА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ

| | |
|---|---|
| Тргување со државни обврзници од денационализација, останати државни обврзници кои не се од денационализација и сите останати обврзници | 0,75% минимум 200 денари |
| *Надоместокот за тргување се пресметува по трансакција | |

## 1.3 НАДОМЕСТОЦИ ЗА БЛОК ТРАНСАКЦИИ-АДМИНИСТРАТИВНИ

| | |
|---|---|
| Трансакции со вредност до 10.000.000 денари | 0,5% |
| Трансакции со вредност од 10.000.001-20.000.000 денари | 0,4% |
| Трансакции со вредност над 20.000.000 денари | 0,35% |
| *Надоместокот за тргување се пресметува по трансакција и не се пресметува кумулативно | |

## 1.4 НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ

| | |
|---|---|
| Учество во јавна берзанска аукција на акции и удели во сопственост на државата –Анекс 2 | 0,5% |
| Запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза-Анекс 3 | 0,5% |
| Учество во јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции-Анекс 4 | 0,5% |
| *Надоместокот за тргување се пресметува по трансакција | |

## 2. ПОКРОВИТЕЛ НА КОТАЦИЈА

2.1 За изработка на Проспект и целокупната пропратна документација за прием на хартиите од вредност на Официјален пазар на берзата се наплатува еднократен надоместок во висина од 60.000 денари.

2.2 За давање услуги за исполнување на обврските на котирано друштво кон Македонска берза АД Скопје согласно Правилата за котација се наплатува надоместок во висина од 12.000 денари на месечно ниво.

## 3. ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

3.1 За нетрговски пренос на хартии од вредност при групно тргување се наплаутва надоместок од 150 денари по клиент.

3.2 За откажување полномошно на брокер и негово спроведување во Депозитар се наплатува надоместок од 500 денари.

3.3 За упис на промена на лични податоци во Депозитар, поради промена во документите за лична идентификација се наплатува надоместок од 300 денари по барање.

3.4 За изработка на специјални извештаи на барање на клиент се наплатува надоместок од 1.000 денари.

3.5 За користење на Продукт БЕСТ ДИРЕКТ
- за Ниво 1 – не се наплаќа
- за Ниво 2 – месечен надоместок 500 денари плус ДДВ

Продуктот БЕСТ ДИРЕКТ е продукт на Македонска берза АД Скопје за дистрибуција на берзански информации кој се дистрибуира преку членките на берзата. Фершпед брокер освен надоместокот за берзата не неплатува дополнителен надомест.

## 4. ИСКЛУЧОЦИ ВО ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ, ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1 Македонска берза АД Скопје и ЦДХВ АД Скопје наплатуваат надоместоци согласно нивните важечки тарифници. Надоместоците за берзата и депозитарот паѓаат на товар на клиентот и се искажуваат во пресметката како Берзанска провизија и Провизија ЦДХВ. Надоместокот за брокерската куќа согласносно овој Тарифник како и сите други реално сторени трошоци паѓаат на товар на клиентот и во пресметката влегуваат во ставка Нето брокерска провизија.

4.2 Друштвото може да определи намалување на висината на надоместоците за тргување со акции и обврзници за поединечен клиент со доделување на специјален ценовник во Broker Office апликацијата надвор од предвидените со Тарифникот во точка 1.1 и 1.2 под следните околности: преземање на клиент од друг овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, претходно познавање и искуство од областа на вложување во хартии од вредност, средства кои планира да ги вложи и планирана динамика на вложување, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган. Друштвото може под истите околности за клиент за кој има доделено специјален ценовник, да определи намалување на висината на надоместоците за

тргување со акции и обврзници само за определена трансакција, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган.

**4.3** Друштвото може да определи намалување на надоместокот за администратривна блок трансакција за поединечен клиент надвор од предвидените со Тарифникот во точка 1.3 под следните околности: преземање на клиент од друг овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или брокерската куќа посредува и од куповна и од продажна страна во трансакцијата, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган.

**4.4** Друштвото може да определи намалување на надоместокот за јавни берзански аукции за поединечен клиент надвор од предвидените со Тарифникот во точка 1.4 под следните околности: преземање на клиент од друг овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или вредноста на трансакцијата е поголема од 10.000.000 денари, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган.

**4.5** По исклучок, друштвото може да определи зголемување на одреден надомест за поединечен клиент надвор од предвидените со Тарифникот во точка 1.3 под следните околности: сложена блок транскација од аспект на повеќе учесници преку групно тргување или посредување во склучување на блок трансакцијата, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган и согласност од клиентот.

**4.6** По исклучок, друштвото може да определи зголемување на одреден надомест за поединечен клиент надвор од предвидените со Тарифникот во точка 1.4 под следните околности: во јавната берзанска аукции по модел се или ништо, во фазата на идентификација на интерес се пријават повеќе овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, а врз основа на соодветна одлука од надлежен орган и согласност од клиентот.

**4.7** Друштвото може со Одлука на надлежен орган да го промени надоместокот за поединечен клиент кој е доделен како специјален ценовник во Broker Office апликацијата.

**4.8** Сите претходно определени надоместоци за тргување со акции и обврзници со поединечен клиент кои се уредно внесени во специјален ценовник во broker Office апликацијата пред стапување во сила на овој Тарифник, ќе се применуваат и понатаму.

**4.9** Фершпед брокер АД Скопје го задржува правото на промена на Тарифникот без претходна најава.

**4.10** Тарифникот стапува на сила од 01.01.2024 година, согласно Одлука на Одбор на директори БР.02-01/24-4 од 27.12.2023 година.

**Одбор на директори**

**Драган Наков – Претседател** ________

**Тодор Сејзов- Неизвршен чен** ________

**Лазо Смилевски- Извршен директор** ________

брокерска куќа
ФЕРШПЕД БРОКЕР
АД СКОПЈЕ 4